Влада на Република Северна Македонија
**Генерален секретаријат**

# Извештај

## за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2023 година

Скопје, јули 2024

## 1. Вовед

Цел на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 е обезбедување на поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството. Еден од приоритетите на оваа стратегија е унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации.

Финансирањето на граѓанските организации од Буџетот на Република Северна Македонија уредено е во Законот за здруженија и фондации и во Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Други закони во кои е дадена можноста за финансиска поддршка на граѓанските организации се: Законот за животната средина, Законот за културата, Законот за спортот, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за социјалната заштита, Законот за инвалидски организации, Законот за Црвениот крст на Република Македонија, Законот за јавно здравје, Законот за заштита и спасување, Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија и др. Средствата од Буџетот наменети за финансирање на активности на граѓанските организации се предвидени во буџетската ставка 463-Трансфери до невладини организации, меѓутоа класификацијата на расходи каде е содржано расчленувањето на 463, содржи потставки преку кои се поддржани и политички партии, месни заедници, спортски федерации итн. Буџетската ставка 463 не е единствената преку која се поддржани граѓанските организации. Одредени органи на државната управа распределуваат средства преку ставката 464-Разни трансфери, но анализата на трошењето на овие средства е отежната поради отсуство на јавно објавени податоци.

Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2023 година е подготвен врз основа на писмени известувања од министерствата, други органи на државна управа и единиците на локална самоуправа. Извештајот не содржи податоци за Град Скопје и 16 општини: Боговиње, Ѓорче Петров, Желино, Зелениково, Липково, Маврово и Ростуше, Неготино, Ново Село, Пехчево, Петровец, Радовиш, Росоман, Сарај, Сопиште, Чаир и Шуто Оризари, кои не одговорија на барањето на Генералниот секретаријат на Владата од 12.01.2024 година.

Согласно добиените известувања, во 2023 година доделени се вкупно 1.346.631.075 денари финансиска поддршка за 2.331 проекти/програми на здруженија и фондации, што претставува 9.89% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2023 година. 67.64% од средствата (910.901.561 денари) се доделени по пат на јавен оглас, а 32.36% (435.729.514 денари) се доделени во постапка без јавен оглас.




Од вкупно доделените средства, 982.560.126 денари (72.96%) се доделени од централниот буџет, како финансиска поддршка за 623 проекти/програми на здруженија и фондации, а 364.070.949 денари (27.04%) се доделени од буџетот на единиците на локална самоуправа (без Градот Скопје и 16 општини што не доставија известување) како финансиска поддршка за 1.708 проекти/програми на здруженија и фондации.







## 2. Број и вкупни приходи на граѓанските организации во 2023 година

Според отворените податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во Листата на граѓански организации[1] на крајот на 2023 година се евидентирани вкупно 15.328 здруженија и фондации. Според Статистичкиот билтен[2] во групата на организационен облик 10.0 Општествени организации, фондации и здружение на граѓани вкупниот број на организации кои поднеле годишни сметки или известување за немање на деловна активност, односно остварен приход помал од 2.500

[1] Централен регистар на Република Северна Македонија, Отворени податоци – Граѓански организации https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii проверено на 1.7.2024 год.
[2] Централен регистар на Република Северна Македонија, Отворени податоци - Статистички билтен https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=1&v=0&y=2023&ortg=14 проверено на 1.7.2024 год.

евра во денарска противвредност, согласно Законот за сметководство на непрофитните организации за 2023 година (активни организации) е 8.292[3], од кои 8.141 здруженија (270 социјално хуманитарни здруженија, 1.975 спортски здруженија, 296 културни здруженија, 272 професионални (струкови) здруженија, 85 еколошки здруженија и 5.243 останати организации) и 151 фондација. Во текот на 2023 година Централниот регистар извршил упис на основање на 686 организации и упис на бришење на 108 организации од Регистарот. Вкупниот број на вработени во граѓанските организации во 2023 година е 2.611.

Графикон 1: Структура на граѓанското општество во 2023 година според група на организационен облик 10.0




Во однос на регионалната застапеност на граѓанските организации во државата, во 2023 година од вкупно 8.292 активна организација, 3.557 (42.9%) организации имаат седиште во Скопскиот плански регион, 1.012 организации (12.2%) во Пелагонискиот, 750 организации (9.04%) во Југозападниот, 727 организации (8.77%) во Полошкиот, 547 организации (6.6%) во Источниот, 675 организации (8.14%) во Југоисточниот, 583 организации (7.03%) во Вардарскиот и 441 организации (5.32%) во Североисточниот плански регион.

[3] 3.304 организации поднеле годишни сметки за 2023 година, а 4.988 известувања за деловна неактивност, односно дека во 2023 година оствариле вкупен приход под 2.500 евра во денарска противвредност (https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=1&v=0&y=2023&ortg=14 проверено на 1.7.2024 година)

Графикон 2: Регионална застапеност на граѓанските организации во Република Северна Македонија во 2023 година




Вкупните приходи на граѓанските организации во 2023 година, согласно податоците од статистичкиот билтен на Централниот регистар се 13.614.920.429 денари. Најголем дел од приходите, 10.694.012.349 денари (78.54%) оствариле граѓанските организации со седиште во Скопскиот плански регион, 750.334.887 денари (5.51%) во Пелагонискиот, 466.071.602 денари (3.42%) во Источниот, 399.806.636 денари (2.94%) во Полошкиот, 358.986.822 денари (2.64%) во Југоисточниот, 333.240.463 денари (2,45%) во Југозападниот, 308.037.203 денари (2.26%) во Североисточниот и 304.430.467 денари (2.24%) со седиште во Вардарскиот плански регион.

Графикон 3: Вкупни приходи на граѓанските организации во 2023 година, по плански региони



## 3. Финансиска поддршка на граѓанските организации во 2023 година од органите на државната управа

Во 2023 година финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво доделиле: Министерство за одбрана, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерство за економија, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура, Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за млади и спорт, Агенција за остварување на правата на заедниците и Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Во буџетот на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за транспорт и врски, Секретаријат за европски прашања и Дирекција за заштита и спасување не биле предвидени средства за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Исто така, Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) на Министерството за финансии, во фондовите за календарската 2023 година, нема склучено, односно потпишано грантови од фондовите за претпристапна помош на Европската Унија-ИПА.

Во 2023 година од страна на органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања доделени се вкупно 982.560.126 денари финансиска поддршка за 623 проекти/програми на здруженија и фондации, од кои 731.318.196 денари се доделени по пат на јавен оглас, а 251.241.930 денари се доделени во постапка без јавен оглас.

- Вкупно доделени средства од ОДУ во 2023 - 982.560.126 денари
- Преку јавен оглас - 731.318.196 денари (74.43%)
- Без јавен оглас - 251.241.930 денари (25.57%)

При утврдување на приоритетите за финансирање дел од институциите, меѓу кои: Министерство за економија, Министерство за култура, Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за млади и спорт извршиле консултации со граѓанските организации. Министерството за економија спроведе консултации согласно Законот за заштита на потрошувачи, каде се пропишани активностите на здруженијата за заштита на потрошувачите и основот за усвојување на Националната програма за заштита на потрошувачите, Министерството за култура за секоја дејност од областа на културата има посебни апликации со специфични критериуми за кои се

спроведени консултации со граѓанските организации како и со сите чинители во културата, Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со НВО Македонски зелен центар секоја година организира годишна средба со граѓанските организации, а Агенцијата за млади и спорт спроведени консултации со граѓански организации членки на Советот за млади за Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организации за млади и чадор организации.

Во однос на транспарентноста, во составот на комисиите за евалуација на предлог-проекти во институциите, со исклучок за Министерството за култура, не учествувале претставници на граѓанските организации, меѓутоа одлуките за распределба на средства се транспарентни кај речиси сите институции кои имаат доделено средства во 2023 година и истите се јавно достапни на нивните веб-локации.

Кај сите органи на државната управа, корисниците на средства согласно договорите за реализација на проектите се обврзани да доставуваат годишен наративен и финансиски извештај, со детални податоци за реализација на активностите наведени во проектите, како и докази за наменска искористеност на средствата.

Табела 1: Преглед на доделена финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво за 2023 година

| Институција | Вкупно доделени средства | Број на финансирани организации | Доделени средства по пат на јавен оглас | Доделени средства без јавен оглас |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за одбрана | 2.600.000 | 2 | 0 | 2.600.000 |
| Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | 19.800.000 | 33 | 19.800.000 | 0 |
| Министерство за економија | 7.412.743 | 29 | 7.412.743 | 0 |
| Министерство за здравство | 20.947.462 | 21 | 16.947.462 | 4.000.000 |
| Министерство за труд и социјална политика | 553.250.000 | 13[4] | 553.250.000 | 0 |
| Министерство за култура | 54.607.991 | 319 | 54.607.991 | 0 |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 15.100.000 | 68 | 15.100.000 | 0 |

[4] Министерството не достави податоци за бројот на управни договори и организации на кои се исплатени средства за давање на социјални услуги од лиценцирани даватели (483.028.000 денари од програмата 46 Деинституционализација и социјални услуги, ставка 463 – Трансфери до невладини организации).

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Агенција за млади и спорт | 305.800.000 | 124 | 55.600.000 | 244.600.000 |
| Агенција за остварување на правата на заедниците | 3.000.000 | 13 | 3.000.000 | 0 |
| Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија | 41.930 | 1 | 0 | 41.930 |
| Вкупно | 982.560.126 | 623 | 731.318.196 | 251.241.930 |

Графикон 4: Пет најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво во 2023 година




Во Буџетот на **Владата на Република Северна Македонија** за 2023 година не беа предвидени средства во ставката 463-Трансфери до невладини организации.

**Министерството за одбрана** во 2023 година, без јавен оглас, додели 2.600.000 денари, од кои: 2.000.000 денари, согласно Законот за одбрана, на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија, за учество во обуката и подготовките за упатување на припадниците на резервните сили на Армијата и 600.000 денари на Здружение Клуб на генерали, за организирање на научни трибини, конференции од областа на безбедноста, како и афирмирање на војничката професија.

**Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците** во 2023 година, по пат на јавен оглас, додели 19.800.000 на 33 здруженија. Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РСМ“ бр. 271/23) е донесена од Владата на 19.12.2023

година, согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр. 218/23).

**Министерството за економија** во 2023 година, по пат на јавни огласи, додели вкупно 7.412.743 денари на 29 граѓански организации. Согласно Програмата за заштита на потрошувачите („Службен весник на РСМ“ бр.120/23) доделени се 2.000.000 денари за реализација на програма (проект) на 6 здруженија за заштита на потрошувачите, по спроведени консултации согласно Законот за заштита на потрошувачите. Во рамките на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр.27/23 и 274/23), мерка 5, кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, доделени се 4.552.743 денари на 18 граѓански организации. Согласно Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр.27/23), дел II, точка 8, субвенции за разни туристички манифестации и форуми од областа на туризмот за 2023 година, доделени се 860.000 денари на 5 здруженија. При утврдување на приоритетите за оваа програма не се спроведени консултации со граѓански организации, туку се земени предвид консултациите со стопанските комори и приватниот сектор од областа на туризмот и угостителството. Огласите за финансиска поддршка се објавени во два дневни весници и на веб-страницата на министерството, а комисиите за доделување на финансиски средства биле составени од вработени во министерството.

**Министерството за здравство** во 2023 година, по пат на јавен оглас, додели вкупно 16.947.462 денари, на 21 здружение, со цел реализација на активности во рамките на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр.32/23 и 256/23) и тоа за: 1. Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за МСМ, 2.499.900 денари на 1 здружение; 2. Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за лицата кои инјектираат дроги (ЛИД) 5.700.000 денари на 10 здруженија; 3. Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за сексуалните работници (СР) 3.647.562 денари на 6 здруженија; 4. Позитивна превенција и психосоцијална поддршка кај лица со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ 650.000 денари на 1 здружение; 5. Активности за теренско и стационарно ХИВ тестирање и советување кај клучните популации 1.500.000 денари на 1 здружение, 6. Психосоцијална поддршка за лица што се лекуваат од зависност од дрога, 550.000 денари на 1 здружение и 7. Активности за дијагноза и третман на СПИ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клучните популации и млади лица, 2.400.000 денари на 1 здружение. Исто така, министерството во рамки на соработката со ромските здруженија, ангажираше 17 здравствени медијатори со месечен надомест во нето износ од 18.000 денари, и се доделени вкупно 4.000.000 денари.

**Министерството за труд и социјална политика**, врз основа на одлука[5] на Владата од 3.2.2023 година, согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри и Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженијата за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и забавни игри во 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр.21/23), преку јавен оглас, доделило вкупно 69.000.000 денари на 12 организации, од кои 57.000.000 денари на 8 национални инвалидски организации, согласно Законот за инвалидски организации, 4.000.000 денари на 3 организации за борба против семејното насилство и 8.000.000 денари за финансирање на годишната програма на Црвениот крст на Република Северна Македонија. 1.222.000 денари од програмата 80 Родова еднаквост и недискриминација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, се доделени на едно здружение со потпишување на управен договор за давање на услугата привремен престој во Центарот за жртви на трговија со луѓе. Министерството не достави податоци за бројот на управни договори и организации на кои се исплатени средства за давање на социјални услуги од лиценцирани даватели (483.028.000 денари од програмата 46 Деинституционализација и социјални услуги, ставка 463 – Трансфери до невладини организации). Вкупниот буџет на Министерството за труд и социјална политика за 2023 година, на ставка 463- Трансфери до невладини организации е 553.250.000 денари.

**Министерството за култура** во 2023 година доделило вкупно 54.607.991 денари програмски средства на 319 здруженија, кои согласно Законот за култура, се распределени врз основа на Годишен конкурс за финансирање на проекти и програми од национален интерес од областа на културата, во следните области: библиотечна дејност 902.400 денари за 6 проекти на здруженија; драмска дејност 3.623.175 денари за 18 проекти на здруженија; фолклор 2.490.288 денари за 9 проекти на здруженија; интердисциплинарна дејност 9.339.477 денари за 20 проекти на здруженија; издавачка дејност 6.445.132 денари за 73 проекти на здруженија; меѓународна дејност 8.823.819 денари за 49 проекти на здруженија; музичка дејност 12.466.000 денари за 54 проекти на здруженија; визуелни уметности 4.206.500 денари за 39 проекти на здруженија; музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство 5.319.200 денари за 43 проекти на здруженија и заштита на недвижно културно наследство 992.000 денари за 8 проекти на здруженија. Финансирањето на граѓанските организации се врши од раздел 180-10 – финансирање на дејности од областа на културата, а годишниот конкурс се објавува во септември, за наредната година. За секоја дејност од областа на културата предвидена е посебна апликација со критериуми специфични за дејноста и за нив се спроведени консултации со граѓанските организации, како и со сите чинители во културата. Постапката за избор на проекти од национален интерес ја вршат стручни комисии за секоја дејност одделно, формирани од министерот за

[5] Одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2023 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија („Службени весник на РСМ“ бр.31/23)

култура, а во нив учествуваат истакнати личности за специфичната дејност, како и членови на граѓански организации.

**Министерството за животна средина и просторно планирање,** во 2023 година, врз основа на член 175 став 1 од Законот за животна средина и Програмата за инвестирање во животна средина за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр.27/23 и 104/23), по пат на јавен оглас (конкурс), додели вкупно 15.100.000 денари на 68 здруженија, од кои 8.250.000 денари на 35 здруженија за реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина и 6.850.000 денари на 33 здруженија за поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата. Министерството во соработка со Македонскиот зелен центар организира Годишна средба со граѓански организации во целокупниот аспект на животната средина, од презентирање на приоритетите за финансирање во животната средина, учество на организациите во донесување на одлуки во процесите, проектите, програмите од животната средина и сл.

**Агенцијата за млади и спорт** во 2023 година додели вкупно 305.800.000 денари. 5.600.000 денари се доделени по пат на јавен оглас на 24 организации, врз основа на Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организации за млади и чадор организации за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр.27/23), по спроведени консултации со граѓански организации, членки на Советот за млади, при утврдување на приоритетите за финансирање. Огласите за финансиска поддршка се објавуваат на веб-страницата www.ams.gov.mk, додека критериумите и постапката за избор се утврдени во Правилникот на Агенцијата за млади и спорт за определување постапка и утврдување критериуми за доделување средства за поддршка на проекти од областа на младите поврзани со реализација на Националната Стратегија за млади и годишната програма за работа на Сектор Млади. Во секторот Спорт доделени се вкупно 300.200.000 денари, од кои 46.600.000 денари по пат на јавен оглас (конкурс) за националните спортски федерации (вкупно 49), согласно Програмата за развој на спорт и мали за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр.27/23 и Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2023 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.28/23), 9.000.000 од програма 20 I-6 (ставка 464) на Федерацијата за училишен спорт и 244.600.000 денари без јавен оглас, како надоместоци за спорт, утврдени во член 79 став 2 и член 94 став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

**Агенцијата за остварување на правата на заедниците** во 2023 година, врз основа на член 25 од Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.18/20), по пат на јавен оглас, додели вкупно 3.000.000 денари на 13 здруженија. Агенцијата изврши јавна консултација со граѓанските организации кои работат на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците за приоритетите за финансирање. Распределбата на средствата се изврши согласно Програмата на

Агенцијата за остварување на правата на заедниците за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите и Правилникот за постапка и услови за финансирање на здруженија и фондации од страна на Агенцијата, додека пак критериумите за оценка се утврдени во Законот.

Во Буџетот на **Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија** за 2023 година, ставката 463 - Трансфери до невладини организации беа планирани 2.000.000 денари, меѓутоа буџетските расходи на Фондот во текот на целата година се 41.930 денари за организации кои се грижат за постари и хендикепирани лица.

## 4. Финансиска поддршка на граѓанските организации во 2023 година од единиците на локалната самоуправа

Финансирањето на граѓанските организации од страна на единиците на локалната самоуправа произлегува од Законот за здруженија и фондации (член 49). Од вкупно 80 општини и Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, 64[6] општини доставија известување за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2023 година. Согласно доставените податоци, 60 општини имаат доделено средства за финансиска поддршка на здруженија и фондации, при што во 14[7] од нив средствата во целост биле доделени преку јавен оглас, во 24[8] општини средствата во целост биле доделени без јавен оглас, а кај останатите 22[9] општини дел од средствата биле распределени со јавен оглас, а дел биле доделени без јавен оглас. Општините Брвеница, Карбинци, Пласница и Ранковце известија дека не доделиле средства на граѓански организации во 2023 година. Во 2023 година, од страна на општините доделени се вкупно 364.070.949 денари како финансиска поддршка за 1.708 проекти/програми на здруженија и фондации, од кои 179.583.365 денари (49.33%) се доделени по пат на јавен оглас, а останатите 184.487.584 денари (50.67%) се доделени без објавување на јавен оглас.

[6] Градот Скопје и општините: Боговиње, Ѓорче Петров, Желино, Зелениково, Липково, Маврово и Ростуше, Неготино, Ново Село, Пехчево, Петровец; Радовиш, Росоман, Сарај, Сопиште, Чаир и Шуто Оризари немаат доставено податоци за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2023 година

[7] Аеродром, Арачиново, Богданци, Бутел, Гази Баба, Кисела Вода, Кочани, Крива Паланка, Крушево, Старо Нагоричане, Тетово, Чашка, Чучер Сандево и Штип

[8] Берово, Босилово, Василево, Вевчани, Врапчиште, Гостивар, Градско, Дебрца, Демир Хисар, Демир Капија, Долнени, Зрновци, Илинден, Јегуновце, Конче, Кратово, Кривогаштани, Македонски Брод, Могила, Ресен, Студеничани, Теарце, Чешиново-Облешево и Центар Жупа

[9] Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Дебар, Делчево, Дојран, Кавадарци, Карпош, Кичево, Куманово, Лозово, Македонска Каменица, Новаци, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Свети Николе, Струга, Струмица и Центар

Вкупно доделени средства од општините во 2023 - 364.070.949 денари

Преку јавен оглас - 179.583.365 денари (49.33%)

Без јавен оглас - 184.487.584 денари (50.67%)

При утврдување на приоритетите за финансирање околу една третина од општините кои доставија известување наведуваат дека одржале консултации со граѓанските организации. Така на пример, општина Струмица има организирано инфо ден на кој се спроведени консултации со граѓанските организации, општина Велес секоја година во месец ноември во тековната година организира јавни расправи за утврдување на приоритети за идната календарска година, општина Крива Паланка има одржано буџетски форум на кој учествувале и граѓанските организации. Општините Берово, Бутел, Богданци, Босилово, Виница, Градско, Демир Капија, Кавадарци, Кратово, Македонска Каменица, Новаци, Свети Николе, Старо Нагоричане, Струга, Центар, Чучер Сандево и други, исто така, ги консултирале граѓанските организации при планирањето на средствата за финансиска поддршка.

Огласите за финансиска поддршка општините најчесто ги објавуваат во Службен гласник на општината, веб-локацијата на општината, огласната табла на општината и во локални медиуми, додека критериумите и постапката за избор се утврдени во соодветни документи кои ги носи Советот на општината. Дел од општините имаат утврдени програми, како на пример, во општина Аеродром тоа се Програмата за остварување соработка со здруженија и фондации и Програмата за доделување спонзорства и донации, во општина Богданци - Програмите за финансирање на активности од областа на спортот и културата, општина Вевчани – Годишната програма за финансирање на проекти од локален интерес во културата, итн. Некои општини, меѓу кои Бутел, Гази Баба, Делчево, Кавадарци, Кисела Вода, Крива Паланка, Неготино, Ново Село, Прилеп, Старо Нагоричане, Чашка и други имаат правилници за условите, начинот и постапката на избор, додека општините Гевгелија, Крива Паланка, Струмица и Штип известиле дека применуваат LOD Методологија изработена од страна на UNDP, а усвоена од страна на општината. При доделувањето на средства за финансиска поддршка голем дел од општините се базираат на Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на здруженија на граѓани и фондации, која најчесто ја носи Советот на општината. Во некои општини, како на пример, Босилово и Валандово, Советот на општината носи одлука за висината на финансиските средства врз основа доставени годишни програми за реализација на активности за наредната година.

Во составот на комисиите за евалуација на предлог-проектите кај најголем дел од општините не учествувале претставници на граѓанските организации, со исклучок на општините Велес, Дебар, Струмица и Штип, каде претставници на граѓански

организации биле вклучени во евалуацијата на предлог-проектите кои учествувале на јавен оглас.

Повеќето од општините кои имаат доделено средства по пат на јавен оглас во 2023 година, одлуките за распределба на средствата ги имаат објавено во Службен гласник на општината и на официјалната веб-локација на општината, официјален Facebook профил на општината или огласната табла на општината, а воедно доставиле и известување до здруженијата на кои им се доделени средства за финансиска поддршка. Меѓу нив се: Аеродром, Битола, Богданци, Бутел, Валандово, Виница, Гевгелија, Делчево, Демир Капија, Кавадарци, Кисела Вода, Крива Паланка, Македонска Каменица, Новаци, Охрид, Прилеп, Свети Николе, Старо Нагоричане, Струга, Струмица, Центар, Чашка, Штип и др.

Согласно договорите за финансиска поддршка кои се потпишуваат помеѓу градоначалникот на општината и здружението/фондацијата, повеќе од половина од општините кои доставија известување го следат спроведувањето на одобрените проекти преку проверка на завршните извештаи кои содржат наративен и финансиски дел. Кон наративниот дел најчесто се приложуваат пропратни анекси, како медиумски записи, слики, печатени материјали, листи на присутни и сл. додека финансискиот дел содржи докази за наменски направени трошоци, како на пример: фактури, изводи од сметка, налози за плаќање и слично.

Табела 2: Преглед на доделени средства во 2023 година на здруженија и фондации на локално ниво (во денари)

| Општина | Вкупно доделени средства | Процент на доделени средства од буџетот на општината | Број на финансирани организации | Доделени средства по пат на јавен оглас | Доделени средства без јавен оглас |
|---|---|---|---|---|---|
| Аеродром | 3.085.000 | 0.60% | 6 | 3.085.000 | 0 |
| Арачиново | 2.067.693 | 3.00% | 1 | 2.067.693 | 0 |
| Берово | 1.415.000 | 1.30% | 6 | 0 | 1.415.000 |
| Битола | 90.171.607 | 3.90% | 283 | 19.091.607 | 71.080.000 |
| Богданци | 949.400 | / | 10 | 949.400 | 0 |
| Босилово | 992.315 | 1.40% | 16 | 0 | 992.315 |
| Бутел | 1.500.000 | / | 4 | 1.500.000 | 0 |
| Валандово | 1.295.000 | 1.13% | 15 | 605.000 | 690.000 |
| Василево | 307.000 | 0.36% | 8 | 0 | 307.000 |
| Вевчани | 190.000 | 0.28% | 4 | 0 | 190.000 |
| Велес | 3.489.236 | 0.37% | 18 | 3.024.236 | 465.000 |
| Виница | 4.828.286 | 1.33% | 21 | 4.813.286 | 15.000 |
| Врапчиште | 349.000 | 0.03% | 3 | 0 | 349.000 |
| Гази Баба | 3.910.000 | 0.71% | 57 | 3.910.000 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Гевгелија | 23.037.000 | 9.34% | 73 | 21.345.000 | 1.692.000 |
| Гостивар | 4.361.500 | 0.35% | 15 | 0 | 4.361.500 |
| Градско | 1.250.000 | 1.31% | 5 | 0 | 1.250.000 |
| Дебар | 2.498.800 | 3.50% | 23 | 2.378.800 | 120.000 |
| Дебрца | 926.000 | 1.00% | 32 | 0 | 926.000 |
| Делчево | 400.000 | 0.04% | 9 | 390.000 | 10.000 |
| Демир Капија | 361.775 | 0.42% | 5 | 0 | 361.775 |
| Демир Хисар | 130.000 | 0.16% | 6 | 0 | 130.000 |
| Дојран | 2.620.000 | 1.03% | 11 | 900.000 | 1.720.000 |
| Долнени | 390.910 | 0.40% | 13 | 0 | 390.910 |
| Зрновци | 50.000 | 0.21% | 1 | 0 | 50.000 |
| Илинден | 908.174 | 0.22% | 16 | 0 | 908.174 |
| Јегуновце | 18.000 | 0.01% | 2 | 0 | 18.000 |
| Кавадарци | 4.665.000 | 0.39% | 22 | 1.565.000 | 3.100.000 |
| Карпош | 2.741.030 | / | 24 | 1.841.030 | 900.000 |
| Кисела Вода | 5.430.000 | / | 41 | 5.430.000 | 0 |
| Кичево | 4.595.000 | / | / | 4.290.000 | 305.000 |
| Конче | 3.452.000 | 4.42% | 20 | 0 | 3.452.000 |
| Кочани | 4.845.350 | 2.40% | 106 | 4.845.350 | 0 |
| Кратово | 198.850 | 0.08% | 4 | 0 | 198.850 |
| Крива Паланка | 608.961 | 0.27% | 6 | 608.961 | 0 |
| Кривогаштани | 81.000 | 0.12% | 2 | 0 | 81.000 |
| Крушево | 210.000 | 0.20% | 8 | 210.000 | 0 |
| Куманово | 34.609.000 | 2.99% | 71 | 11.320.000 | 23.289.000 |
| Лозово | 180.000 | 1.95% | 2 | 150.000 | 30.000 |
| Македонска Каменица | 9.360.000 | 4.16% | 20 | 8.040.000 | 1.320.000 |
| Македонски Брод | 178.000 | 0.16% | 4 | 0 | 178.000 |
| Могила | 1.197.700 | 1.45% | 30 | 0 | 1.197.700 |
| Новаци | 13.325.020 | 7.40% | 64 | 2.600.350 | 10.724.670 |
| Охрид | 54.156.755 | 7.45% | 206 | 37.688.755 | 16.468.000 |
| Прилеп | 5.935.925 | 1.23% | 140 | 5.592.925 | 343.000 |
| Пробиштип | 3.196.000 | / | 10 | 2.460.000 | 736.000 |
| Ресен | 178.000 | 0.12% | 7 | 0 | 178.000 |
| Свети Николе | 5.060.000 | 2.80% | 32 | 4.860.000 | 200.000 |
| Старо Нагоричане | 140.000 | 0.30% | 4 | 140.000 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Струга | 2.340.000 | 0.55% | 40 | 1.855.000 | 485.000 |
| Струмица | 41.817.864 | 5.10% | 41 | 8.986.472 | 32.831.392 |
| Студеничани | 35.938 | / | 2 | 0 | 35.938 |
| Теарце | 579.000 | 0.60% | 3 | 0 | 579.000 |
| Тетово | 6.464.500 | / | 51 | 6.464.500 | 0 |
| Центар | 4.260.000 | 0.70% | 53 | 4.200.000 | 60.000 |
| Центар Жупа | 82.000 | 0.01% | 2 | 0 | 82.000 |
| Чашка | 460.000 | 0.23% | 17 | 460.000 | 0 |
| Чешиново-Облешево | 271.360 | 0.25% | 3 | 0 | 271.360 |
| Чучер Сандево | 720.000 | 0.63% | 3 | 720.000 | 0 |
| Штип | 1.195.000 | 0.086% | 7 | 1.195.000 | 0 |
| Забелешка | Град Скопје и 16 општини (Боговиње, Ѓорче Петров, Желино, Зелениково, Липково, Маврово и Ростуше, Неготино, Ново Село, Пехчево, Петровец; Радовиш, Росоман, Сарај, Сопиште, Чаир и Шуто Оризари) не доставија податоци за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2023 г., а 4 општини (Брвеница, Карбинци, Пласница и Ранковце) немаат доделено средства | | | | |
| Вкупно | 364.070.949 | 1.53% | 1.708 | 179.583.365 | 184.487.584 |

Најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2023 година се општините: Битола (90.171.07 денари), Охрид (54.156.755 денари), Струмица (41.817.864 денари), Куманово (34.609.000 денари), Гевгелија (23.037.000 денари), Новаци (13.325.020 денари), Македонска Каменица (9.360.000 денари), Тетово (6.464.500 денари), Прилеп (5.935.925 денари) и Кисела Вода (5.430.000 денари).

Графикон 5: Пет општини најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на локално ниво во 2023 година (во денари)



Графикон 6: Пет општини најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на локално ниво во 2023 година (според процент од буџетот на општината)




## 5. Заклучни согледувања и препораки

Според податоците обезбедени при подготовка на овој Извештај, за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации во 2023 година биле издвоени вкупно 1.346.631.075 денари, за финансиска поддршка на 2.331 проекти/програми, што претставува 9.89% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2023 година.

Од вкупно доделените средства, 982.560.126 денари (72.96%) се доделени од централниот буџет, како финансиска поддршка за 623 проекти/програми на здруженија и фондации, а 364.070.949 денари (27.04%) се доделени од буџетот на единиците на локална самоуправа (без Градот Скопје и 16 општини[10] што не доставија податоци) како финансиска поддршка за 1.708 проекти/програми на здруженија и фондации.

Најголем дел од средствата од централниот буџет, 484.250.000 денари се доделени врз основа на управни договори за социјални услуги и 300.200.000 денари за програми за развој на спортот.

Иако споредено со 2022 година[11] финансиската поддршка за граѓанските организации во 2023 година е зголемена за 26.15%, уделот на државно финансирање од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа за финансиска поддршка на граѓанските организации е значително помал од предвидениот во

[10] Боговиње, Ѓорче Петров, Желино, Зелениково, Липково, Маврово и Ростуше, Неготино, Ново Село, Пехчево, Петровец; Радовиш, Росоман, Сарај, Сопиште, Чаир и Шуто Оризари

[11] Во 2022 година од централниот буџет и од буџетот на единиците на локалната самоуправа (без градот Скопје и 8 општини што не доставија податоци) биле издвоени вкупно 994.454.416 денари за финансирање на 2.550 проекти на здруженија и фондации, што претставува 7,93% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2022 година

Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024), каде во активност 8.1 од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата е предвидено зголемување на уделот на државно финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа за финансирање на граѓанските организации, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година, односно 20% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2022 година, 25% во 2023 година и 30% во 2024 година.

Правилникот за класификација на расходите („Службен весник на РМ" бр.76/09 и 153/09 и „Службен весник на РСМ" бр.75/21) предвидува посебно конто, односно буџетска ставка 463-Трансфери до невладини организации, според која буџетските корисници треба да ја планираат финансиската поддршка на граѓанските организации. Сепак, дел од органите на државна управа предвидуваат средства за оваа намена и преку други ставки, како на пример: 464-Разни трансфери, 425-Договорни услуги и др. Со цел зголемување на транспарентноста и отчетноста во планирањето и обезбедувањето средства за финансиска поддршка на граѓанските организации, потребно е да се воведат механизми со кои ќе се осигура дека планирањето на овие средства ќе биде на контото 463, а само во исклучителни и специфични случаи тоа да се врши преку други конта во Буџетот на Република Северна Македонија (А 8.2 од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024).

## 6. Прилог: Табеларни прегледи на доделени финансиски средства